Врз основа на член 17 став (8) од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), министерот за образование и наука, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ ВО РАМКИТЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ТЕКОТ НА 4О-ЧАСОВНА РАБОТНА НЕДЕЛА**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува начинот и обемот на работните должности во рамките на работното време на наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела.

**Член 2**

Наставникот, во рамките на 40-часовна работна недела, ги врши следните работни задачи:

– планирање на воспитно-образовната работа во пишана или електронска форма,
– подготовка за настава (избор/изработка на наставни средства и дидактички помагала),
– реализација на настава, вклучително и додатна и дополнителна настава,
– реализација на воннаставни активности,
– учество во интерни и надворешни проверувања на постигањата на учениците,
– водење на педагошка документација и евиденција,
– соработка со родители/старатели,
– соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето,
– работа во стручните активи и другите стручни тела и комисии,
– вршење на задачи на одделенски/класен раководител,
– собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа,
– менторство на ученици,
– учество во реализација на испити и тестирања,
– планирање и учество во стручно усовршување и професионален развој,
– уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, итн.,
– организирање на културни, спортски и други општо корисни и хумани акции во кои учествуваат учениците,
– работа со ученици на проекти и истражување,
– подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, кампови што ги организира училиштето,
– учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа,
– обезбедување докази во професионалното досие и
– вршење на други работи определени со годишната програма за работа.

**Член 3**

Стручниот соработник, во рамките на 40-часовна работна недела, согласно неговиот образовен профил ги врши следните работни задачи:

– запишување на учениците и следење на нивниот развој во училиштето,
– реализација на активности со учениците,
– професионална ориентација/кариерен развој на учениците,
– учество во планирање на воспитно-образовна работа на ниво на училиште,
– поддршка во планирање и реализација на наставата,
– поддршка на стручните активи на наставниците во избор и создавање на дидактички средства и материјали,
– поддршка на наставниците за работа со учениците,
– поддршка на наставниците за водење на педагошката документација и евиденција,
– развивање на програми за унапредување на работата на училиштето (подобрување на резултатите и постигањата на учениците, инклузија, интеграција, интерклутура, демократско учество во работата на училиштето и сл.),
– развивање постапки и инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето,
– учество во планирање, организирање и реализација на сопствениот професионален развој и на професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето,
– соработка и работа со родители/старатели,
– поддршка на работата на училишна заедница на учениците,
– примена на прописите за остварување на правата и должностите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки,
– организирање на педагошка и методска практика на студенти,
– организирање и водење на работата на училишната библиотека,
– водење на професионални досиеја и
– вршење на други работи определени со годишната програма за работа.
–

**Член 4**

Потребното работно време за вршење на работните задачи на наставникот во училиштето, односно надвор од училиштето се утврдува врз основа на Годишната програма за работа на училиштето, наставните планови и програми за училиштето, распоредот за реализација на наставата, вклучително и дополнителна и додатна настава, проширената програма на училиштето и статутот на училиштето.

Ако наставникот засновал работен однос во училиштето за работно време пократко од полното работно време, работните задачи од член 2 од овој правилник ги врши во зависност од работното време за кое е заснован работниот однос.

**Член 5**

Во 40 работни часови неделно, наставникот во училиште реализира 20 до 23 наставни часа за задолжителни и изборни предмети, пет работни часа во директна, непосредна работа со ученици во додатна, дополнителна настава и вонnаставни активности.

За наставниците во основното образование, во 40 работни часови неделно влегува и времето за организирано прифаќање на учениците еден час пред и еден час по наставата.

Во рамките на работното време за преостанатите работни часови наставникот ги реализира работни задачи од член 2 од овој правилник согласно потребите на училиштето.

**Член 6**

Стручниот соработник во рамките на 40 часовното работното време ги реализира работни задачи од член 3 од овој правилник согласно Годишната програма за работа на училиштето, својата годишна програма за работа, распоредот за реализација на наставата, проширената програма на училиштето и статутот на училиштето.

**Член 7**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за распоредот на работното време на учителите, наставниците и стручните работници во основното училиште и воспитувачите во ученичкиот дом („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/96 и 46/98) и Правилникот за распоредот на работното време на наставниците и стручните соработници во јавните училишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/96 и 46/98).

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**
**Dr. Arbër Ademi, с.р.**

Бр. 18-4809/1
5.5.2020 година
Скопје